Општина Демир Капија



# "ЖЕНИТЕ НЕ СЕ САМО БРОЈКИ"

*Родова анализа и статистика*

**Родовата еднаквост** претставува една од вредностите на уставниот поредок на Република Македонија, која ја гарантира еднаквоста помеѓу граѓаните без разлика на полот, етничката припадност и на социјалниот статус. Уставот е проследен преку низа закони и акти кои се темелат врз принципот на еднаквост и недискриминација. Од законодавен аспект родовата еднаквост е регулирана со посебен закон односно со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Во согласност со овој закон се формираат механизми на две нивоа:

- Комисија за еднакви можности како постојано советодавно тело од општинскиот совет и
- Координатор/ка за еднакви можности како дел од општинската администрација

## ПРАВНА РАМКА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

- Закон за еднакви можности на жените и мажите;
- Закон за работни односи;
- Закон за социјална заштита;
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство;
- Закон за спречување и заштита од дискриминација;
- Закон за семејство;
- Изборниот законик;

## ШТО Е РОДОВА ЕДНАКВОСТ?

- Родова еднаквост значи еднакви можности, права и одговорности за жените и мажите, девојчињата и момчињата.
- Еднаквоста не значи дека жените и мажите се исти, туку дека можностите, правата и обврските на жените и мажите не зависат од тоа дали се родени како машки или женски пол. Тоа имплицира дека се земаат предвид интересите, потребите и приоритетите и на жените и на мажите.

# Што е родова статистика?

- статистички податоци што ги одразуваат разликите и нееднаквостите меѓу жените и мажите во сите области од животот;
- претставува основа за родова анализа и истражувања, бидејќи обезбедува квантитативни докази што се потребни за да се направи процена на родовите јазови;
- идентификување на родовите стереотипи за улогите на жените и на мажите и нивниот придонес во општеството;

# Родовите статистики се состојат од:

- Полово разделени податоци;
- Податоци кои се однесуваат конкретно на жените или на мажите;
- Податоци кои опфаќаат специфични родови прашања;

## Разлика помеѓу полово и родово разделени податоци

Но што е ПОЛ а што РОД?

Кога зборуваме за пол, зборуваме за биолошките и физиолошките разлики меѓу мажите и жените (карактеристики кои одредуваат дали некој е маж или жена)

Кога зборуваме за род, зборуваме за општествените, културно одредените разлики меѓу мажите и жените, врските меѓу нив и различните очекувања и улоги кои им се наметнуваат на мажите и на жените.

Додека полот се добива со раѓање, родот се УЧИ, се стекнува по пат на социјализација

**Полово** разделени податоци се податоци поделени по пол (пример: податоците за запишување во основно училиште покажуваат 47% девојчиња и 53% момчиња. Ова значи дека има повеќе момчиња запишани на училиште отколку девојчиња)

**Родово** разделени податоци се податоци кои ги земаат предвид различните социоекономски реалности со кои се соочуваат девојчињата и момчињата, жените и мажите во општеството (пример: 30% од запишаните девојчиња се од сиромашни домаќинства и 45% од запишаните момчиња се од сиромашни домаќинства. Ова значи дека сиромашните домаќинства вложуваат повеќе напор да ги образуваат синовите отколку ќерките.

## Полово разделени податоци

**Општина Демир Капија**

Број на население: 3777

- Мажи – 1949 (52%)
- Жени – 1828 (48%)

невработени лица: 113

Мажи – 49 (43%)

Жени – 64 (57%)

Број на вработени: 22

- Мажи – 10 (45%)
- Жени – 12 (55%)

вработени лица: 1339 (попис 2021)

Мажи – 796 (59%)

Жени – 543 (41%)

# Јавни установи и претпријатија

**ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Д.Капија**

Број на вработени: 21

- Мажи – 1 (5%)
- Жени – 20 (95%)

Број на запишани деца: 91

- Момчиња: 48 (53%)
- Девојчиња: 43 (47%)

**ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Д.Капија**

Број на вработени: 56

- Мажи – 19 (34%)
- Жени – 37 (66%)

Број на запишани ученици: 316

- Момчиња – 167 (53%)
- Девојчиња – 149 (47%)

# Јавни установи и претпријатија

**ОУ МИРКА ГИНОВА Д.Капија**

Број на вработени: 7

- Мажи – 4 (57%)
- Жени – 3 (43%)

**ЈУ СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД Д.Капија**

Број на вработени: 136

- Мажи – 31 (23%)
- Жени – 105 (77%)

Број на штитеници: 124

- Мажи – 75 (60%)
- Жени – 49 (40%)

**ЈКП БОШАВА Д.Капија**

Број на вработени: 27

- Мажи – 23 (85%)
- Жени – 4 (15%)


2023
вкупно
мажи
жени
вработени во државни институции (Демир Капија)
268
89
179


2021
стапка на вработеност - жени
стапка на вработеност - мажи
84
148
86
154
83
150
25-29 год.
30-34 год.
35-39 год.


2023
стапка на невработеност - жени
стапка на невработеност - мажи
5
1
6
2
9
4
25-29 год.
30-34 год.
35-39 год.

# 2023




| | основно образование | средно образование | високо образование |
|---|---|---|---|
| мажи | 26 | 12 | 0 |
| жени | 25 | 27 | 4 |

## **Заклучок:**

Што се однесува до пазарот на трудот, повеќето жени се неактивни




| | невработени 2021 | невработени 2023 |
|---|---|---|
| жени | 122 | 64 |
| мажи | 127 | 49 |
| вкупно | 249 | 113 |

**Родовата анализа** претставува проучување на различните улоги на жените и мажите со цел да се разбере што прават, со какви ресурси располагаат и кои се нивните потреби и приоритети во специфичен контекст.

Главни цели на родовата анализа се следните:

- Утврдување на родовата рамноправност на позициите на донесувачи на одлуки на локално ниво;
- Утврдување на постоечките родови стереотипи во поставувањето на позиции на донесувачи на одлуки на локално ниво;
- Утврдување на земањето во предвид на специфичните потреби на мажите и жените при креирањето на општинските програми;
- Утврдувањето на планирањето и собирањето на родово разделени податоци за корисниците на програмите;
- Утврдување на планирањето и имплементирањето на родово одговорни буџети;

# Родова анализа на лидерски позиции во општина Демир Капија



**ЗАКЛУЧОК:**

Од вкупно анализирани 66 лидерски позиции, на 44 се жени и 22 мажи. Жените се застапени со 67% на позициите на донесувачи на одлуки во општината, што ја прави родово рамноправна во лидерските позиции, но сепак постојат родово стереотипни работни позиции.

# СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА

**Корисници на гарантирана минимална помош**

- Мажи – 26
- Жени - 8

**Корисници на надоместок заради попреченост**

- Мажи – 8
- Жени – 9

**Корисници на надоместок за помош и нега од друго лице**

- Мажи – 53
- Жени - 71

**Корисници на посебен додаток**

- Мажи – 8
- Жени - 2

**Корисници на еднократна парична помош**

- Мажи – 8
- Жени - 10



# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**Пријавители на семејно насилство**

- Мажи – 7
- Жени - 16

**Жртви на семејно насилство**

- Мажи – 7
- Жени - 16

